Врска: Барање за мислење, со ваш бр. 01-54/02 од 19.04.2021 година.

Согласно вашето Барање за мислење, за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ГП 1.01 ОД БЛОК 1 ОД УПВНМ ЗА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КО АМЗАБЕГОВО-ВГР, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, со ваш бр. 01-54/02 од 19.04.2021 година.

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

НЕР АД Скопје дава позитивно мислење.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
413

Olivera Kostancheva
Digitally signed by Olivera Kostancheva
Date: 2021.04.21 10:37:44 +02'00'

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

До: Друштво за проектирање, трговија и услуги
ФОРМИ ДООЕЛ увоз-извоз Битола

Скопје, _____

Предмет: Мислења од општини/институции

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на мислења од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 35090 креирано на 14.04.2021 година и наслов 'УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ГП 1.01 ОД БЛОК 1 ОД УПВНМ ЗА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КО АМЗАБЕГОВО-ВГР, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ' доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека за предметното подрачје за опфатот кој е доставен **немаме** постојни надземни и подземни инсталации.

Планерот на ДУП-от треба да предвиди коридори за кабелска комуникациска инфраструктура за поврзување на новопланираните објекти во опфат на ДУП-от од страна на пристапните улици (во тротоарите и/или друга јавна површина) во согласност со Правилникот за начин на изградба на јавни електронски комуникациски мрежи и придружни средства (сл.весник бр. 106/2014, 170/2016). Вкрстувањето на различните правци на планираната инфраструктура да се прави во тротоар.

Лице за контакт:
Влатко Димовски тел. 077/772-582
Андреа Јовановски тел. 077/772-370

Срдечен поздрав,

За А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Никола Здравковски
Менаџер за инфраструктура, документација и регулаторно усклaдување

_____

Оператор на електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување
со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim
me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup

МЕПСО

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
T: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

Бр.-Nr. 10-2496/1
26.04 2021 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ДО
ФОРМИ ДООЕЛ
УЛ.АРСЕНИЕ ЈОВКОВ БР.28
7000 БИТОЛА

Ваш број: 01-55/02 од 19.04.2021год.
Наш број: 10-2496 од 21.04.2021 год.

ПРЕДМЕТ: Одговор по Ваше барање

Почитувани,

Во Врска со Вашето барање за мислење за "УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ГП 1.02 ОД БЛОК 1 ОД УПВНМ ЗА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КО АЗАМБЕГОВО - ВОН, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ". Ве известуваме дека АД МЕПСО дава **позитивно мислење** за наведениот проект со констатација дека во граници на предметниот опфат нема во сопственост постоечка линиска инфраструктура.
- веќе потврдено со наш број на допис 11-1542/1 од 12.03.2021год.

Изработил: Бојан Николовски

Одобрил:
Раководител на Оддел ДВ
Зоран Илиоски

Директор на Подружница ОПМ
Сашо Стефановски

Оператор на електроенергетскиот систем на Република Северна Македонија Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup СКОПЈЕ - SHKUP

Ко:
- Подружница ОПМ
- Оддел ДВ
- Одделение за припрема на ДВ ✓
- Архива

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-55/4 – 137 **од** 27.04.2021
Скопје

Одговорно лице: Марко Бирачоски
Контакт телефон: +389 72 933 219

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 01-54/02 од 19.04.2021, со кој барате да дадеме мислење за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ГП 1.01 ОД БЛОК 1 ОД УПВНМ ЗА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КО АМЗАБЕГОВО-ВГР, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**,** ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

При планирање, согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и сл. препорачуваме да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Република Северна Македонија

Јавно претпријатие за државни патишта

Бр. 10-4221/2
Скопје, 04 -05- 2021 година

ДО ФОРМИ ДООЕЛ
ул. Арсение Јовков бр.28
7000 Битола

Предмет: Мислење

Почитувани,

Врз основа на Вашето Барање број 01-54/02 од 19.04.2021 год. за добивање мислење за Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.01 од Блок 1 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово вгр, општина Свети Николе, Ве известуваме:

Стручната служба при Јавното претприја/тие за државни патишта, го разгледа пристигнатиот прилог, заверен со евиденциски број на Јавното претпријатие 10-4221/1 од 21.04.2021 година:

- Урбанистички Проект.

Од доставениот и разгледан прилог констатирано е на дека по однос на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.01 од Блок 1 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово вгр, општина Свети Николе, Јавното претпријатие за државни патишта **нема забелешки**, бидејќи приложениот проектен опфат е надвор од заштитниот појас на регионалниот пат Р1204 (Р-105), а влезот во проектниот опфат е превземен и е во согласност со одобрениот УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, донесен со Одлука бр. 0801-980 од 31.12.2020г.

Со почит,

Директор
Ejup Rustemi

Изработил: Д.Гашпарова
Контролирал/Одобрил: З.Велков

Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

Наш број: 1404-1303/2
Скопје: 28 .04.2021 г.

ДО:
ФОРМИ ДООЕЛ
Ул: Арсение Јовков бр.28
7000 Битола

Предмет: Одговор за барање за мислење
Врска: Ваш број : 01-54/02 преку е-урбанизам

Согласно вашето барање за мислење , во врска со изработениот УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ГП 1.01 ОД БЛОК 1 ОД УПВНМ ЗА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КО АМЗАБЕГОВО-ВОН, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, Агенцијата за електронски комуникации нема забелешки на доставената документација и воедно ве известуваме дека при градба и паралелно водење, вкрстување или приближување на подземни инфраструктурни објекти со електронски комуникациски кабли и објекти, потребно е да се применат пропишаните услови од Правилникот за начинот за изградба јавни електронски комуникациски мрежи и придружни средства (Сл.весник на РМ број 106/2014 и 170/2016).

Исто така ве известуваме дека Агенцијата за електронски комуникации,согласно чл.8, став1, точка 22 од Законот за електронски комуникации(„Сл.весник на РМ„ бр.39/2014 и 44/15) и согласно чл.59-в, став 7 од Законот за градење(„Сл.весник на РМ„ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014 и 44/2015), дава согласност на основен проект доколку се работи за изградба на електронски комуникациски мрежи и средства.

Сектор за телекомуникации

Изработил: Б.Илиоска 20.04.2021г
Раководител на сектор:
Д-р Борис Арсов

Советник на директорот:
Игор Бојациев

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

www.aek.mk
Агенција за електронски комуникации
Кеј Димитар Влаков бр. 21
1000 Скопје
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk

2. УРБАНИСТИЧКИ ДЕЛ

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

1.1 Општо

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

2.1 Географско и геодетско одредување на проектниот опфат

2.2 Инвентаризација на сообраќајна инфраструктура

2.3 Инвентаризација на комунална инфраструктура

2.4 Инвентаризација на постојни споменички целини

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите на градежната парцела со нумерички податоци

3.2 Нумерички параметри во проектниот опфат

3.3 Билансни показатели

3.4 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

3.5 Партерно решение и озеленување

3.6 Проектно решение на водовите и инсталации на комуналната инфраструктура

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

4.1 Општи услови за проектирање и градење

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

5.1 Заштита на почвата

5.2 Заштита на водите

5.3 Заштита на воздухот

6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

6.1 Засолнување

6.2 Заштита и спасување од поплави

6.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

6.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

6.5 Заштита и спасување од урнатини

6.6 Спасување од сообраќајни несреќи

6.7 Евакуација

6.8 Згрижување на загрозеното и настраданото население

6.9 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

6.10 Прва медицинска помош

7. ЗАШТИТА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО

8. УСЛОВИ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДИТЕТ

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ – ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ИЗВОД ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО ПРОЕКТЕН ОПФАТ
2. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА 1:1000
3. ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ 1:1000
4. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ 1:1000
5. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРИКЛУЧНИ ТОЧКИ ЗА СИТЕ ВОДОВИ И ГРАДБИ НА ИНФРАСТРУКТУРА 1:1000

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Друштво за производство на електрична енергија ГЕН-И СОНЦЕ ДООЕЛ
Бр. 01/03-2021
22.03.2021 год.
Скопје

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА ГП 1.01 ОД БЛОК 1 ОД УПВНМ ЗА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КО АМЗАБЕГОВО-ВОН, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.01 од Блок 1 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово-вон, Општина Свети Николе треба да се изработи врз основа на просторните можности на локацијата, постојната состојба, ажурираната геодетска подлога, проектната програма, одредбите кои произлегуваат од изводот од УПВНМ, како и потребите на Инвеститорот.

Изготвувањето на проектната документација да се изврши во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 225/20).

Во проектниот дел од урбанистичкиот проект да се даде урбанистичко решение на опфатот со сите потребни урбанистички параметри, внатрешни сообраќајници и партерно решение со хортикултура.

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77, став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20), се планира следната поединечна намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани. Трафостаниците, согласно горенаведениот Правилник, спаѓаат во поединечната намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија и истата претставува комплементарна намена во смисла на член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на Р.С.Македонија" бр. 225/20) т.е. намена што во градежната парцела ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на утврдената поединечна намена.

Покрај ова, потребно е решавање на сообраќајниот пристап и стационираниот сообраќај. Имајќи ја во предвид предметната поединечна намена, а во согласност со член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20) за групата на класи на намена Е-Инфраструктури „Потребниот број на паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето на урбанистичкиот план, во зависност од конкретната намена на градбата , бројот и структурата на вработени, бројот и фрекфенцијата и структурата на корисниците, степенот на моторизација, постоењето и капацитет на јавен превоз, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален, за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата, како и за посетителите и корисниците на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела, и/или на соседна градежна шарцеча и /или на земјиште за општа употреба„, во овој урбанистички проект треба да се планираат 2 паркинг места за моторни возила, во рамки на сопствената парцела.

ГЕН - И СОНЦЕ ДООЕЛ СКОПЈЕ

1.1 Општо

Основа за изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.01 од Блок 1 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово-вгр, Општина Свети Николе** е Изводот со Бр. 10-10-10 од 18.02.2021 од Општина Свети Николе за ГП 1.01 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе донесен со одлука бр. 0801-980 на 31.12.2020 година; ажурираната геодетска подлога изработена од овластена геодетска фирма и проектната програма потпишана и заверена од инвеститорот .

Со донесениот УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе формирана е една градежна парцела (ГП 1.01), во која се планирани градежни линии како граница на површина за градење на повеќе градби, со услов за понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект. Овој УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе е донесен со одлука бр. 0801-980 на 31.12.2020 година, а согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија“ број 142/15) и Правилникот за стандарци и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија“ број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Истиот се спроведува согласно Член 97 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20); поточно, за планската одредба од важечкиот УПВНМ со која е предвидена изработка на архитектонско – урбанистички проект се применуваат одредбите за изработка на урбанистички проект од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20).

Оттаму, пристапено е кон изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.01 од Блок 1 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово-вгр, Општина Свети Николе**, согласно зададените услови од важечкиот УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе (одлука бр. 0801-980 на 31.12.2020 година), како и согласно Член 58 став (2) точка 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20) и Член 52 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20).

Самиот Урбанистичкиот проект е изработен во склад со зададените услови со важечкиот УПВНМ, со Законот урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20), како и останатата релевантна позитивна законска и подзаконска регулатива од областа на урбанистичкото планирање и проектирање.

Согласно развојните планови и потреби на Инвеститорот пристапено е кон изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.01 од Блок 1 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово-вгр, Општина Свети Николе,** а во сè во склад со зададените услови со важечкиот УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе како и членовите 58 – 62 од Законот за

урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20).

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77 став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20), се планира следната поединечна намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани. Трафостаниците, согласно горенаведениот Правилник, спаѓаат во поединечната намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија и истата претставува комплементарна намена во смисла на член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“. Број 225/20) т.е. намена што во градежната парцела ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на утврдената поединечна намена.

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

2.1 Географско и геодетско одредување на проектниот опфат

Основа за изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.01 од Блок 1 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово-вгр, Општина Свети Николе** е Изводот со Бр. 10-10-10 од 18.02.2021 од Општина Свети Николе за ГП 1.01 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе донесен со одлука бр. 0801-980 на 31.12.2020 година; ажурираната геодетска подлога изработена од овластена геодетска фирма и проектната програма потпишана и заверена од инвеститорот.

За целосно согледување на постојната состојба, во границите на опфатот извршени се детални истражувања на просторот.

Истражувањата на локалитетот се извршени по пат на:

- директен увид на теренот и
- директна комуникација со корисниците на просторот.

Во рамки на предметниот проектен опфат евидентирано е дека земјиштето е градежно неизградено.

ПОСТОЈНА СОСТОЈБА		
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ (НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ)	158738

Територијално и административно проектниот опфат припаѓа на Општина Свети Николе. Географската положба на проектниот опфат е дефинирана со следните точки со координати од геодетското снимање:

N	У	Х
1	7584002.432	4630567.723
2	7583966.16	4630548.1
3	7583932.99	4630528.39
4	7583907.57	4630566.32
5	7583891.6	4630561.14
6	7583855.15	4630546.29
7	7583811.97	4630542.72
8	7583813.72	4630654.3
9	7583808.11	4630700.26
10	7583776.08	4630775.13
11	7583767.94	4630771.86
12	7583711.31	4630747.71
13	7583679.61	4630816.37
14	7583662.94	4630801.39
15	7583678.93	4630776.75
16	7583668.75	4630768.81
17	7583646.1	4630750.75
18	7583631.46	4630740.22
19	7583614.26	4630730.05
20	7583591.03	4630716.43
21	7583570.62	4630704.08
22	7583548.58	4630685.27
23	7583527.05	4630669.39
24	7583516.82	4630666.72
25	7583502.88	4630679.84
26	7583499.45	4630684.18
27	7583471.69	4630641.6
28	7583448.07	4630605.37
29	7583426.359	4630572.066
30	7583593.42	4630356.292
31	7583601.722	4630352.22
32	7583607.52	4630352.22
33	7583645.575	4630352.22
34	7584002.432	4630352.22

Границата на планскиот опфат може да се опише и преку координатите на најистурените точки, како што следи:

ТОЧКИ	**Y**	**X**
најисточна	Y=7584002.432	X=4630567.723
	Y=7584002.432	X=4630352.22
најзападна	Y=7583426.359	X=4630572.066
најсеверна	Y=7583679.61	X=4630816.37
најјужна	Y=7584002.432	X=4630352.22
	Y=7583601.722	X=4630352.22

2.2 Инвентаризација на сообраќајна инфраструктура

Патнички сообраќај

Пристапот до предметниот проектен опфат е од Новопланирана Индустриска Улица бр.1 и бр.2 согласно усвоениот УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе.

Железнички сообраќај

Според податоците добиени од ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитен појас на железничка пруга и нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура – Скопје.

Воздушен сообраќај

Согласно посмото добиено од Агенција за цивилно воздухопловство, Проектниот опфат се наоѓа во зона на идниот карго аеродром Штип, на цца 5996м западно од референтната точка на аеродромот, во т.н. конусна рамнина, чија

елевација на посочената локација изнесува 380мнв, односно локацијата каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запазат следните одредби:

1. Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 380мнв

Доколку во планскиот опфат се планира изградба на објекти со елевација над дозволената од 380мнв или изградба / поставување на

2. Издвоени антенски столбови или столбови поставени на објект со височина поголема од 15м
3. Оџаци со височина поголема од 30м
4. Далноводи под напон поголем од 100кв на премин преку автопат
5. Ветерници
6. Други објекти со височина поголема од 100м

Потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство, да се достави проектна документација со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 од Законот за воздухопловство (СЛ.Весник на РМ 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 82/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2005, 152/2015, 27/2006, 31/2016, 64/2018 и 220/19).

2.3 Инвентаризација на комунална инфраструктура

Хидротехничка инфраструктура

Во добиеното мислење од ЈКП Комуналец – Св.Николе со бр. 0306-116 од 15.03.2021 дадени се информации дека нема постојна водоводна и канализациона мрежа во предметниот проектен опфат.

Низ планскиот опфат минува цевковод во сопственост на АД Водостопанство на РСМ, кои земјоделското земјиште го водоснабдуваат со вода од акумулацијата Мавровица и кои се дел од системот за наводнување на обработливите површини. Со изградбата на фотоволтаичните централи нивната примарна функција не престанува и тие можат и понатаму да се користат за примарната намена. За пристап до нив и нивно одржување од двете страни на цевководите се планира заштите појас од 3м.

Електроенергетска инфраструктура

Податоците за постојната електроенергетската инфраструктура и супраструктура се добиени со доставен допис бр. 10-55/4-69 од 12.03.2021 година од Електродистрибуција дооел – Скопје за постоечка инфраструктура и тоа 10(20) Kv надземна мрежа.

АД МЕПСО со допис бр. 11-1543/1 од 12.03.2021 година известува дека предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти кои се во сопственост на АД МЕПСО.

Согласно добиеното писмо од Национални Енергетски Ресурси – Скопје со бр. 03-1024/2 од 10.03.2021 година во наведениот проектен опфат нема изградено и не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

Телекомуникациска инфраструктура

Во добиеното писмо од Македонски Телеком со бр. 34428 од 09.03.2021 година се известува дека во проектниот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Во известување од АЕК со бр. 1404-872/2 од 31.03.2021 се посочува дека субјектот нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи и системи.

Во дописот од Министерство за внатрешни работи, сектор за информатика и телекомуникации со бр.11.2.34203/2 од 09.04.2021 е наведено дека нема нивна телекомуникациска инфраструктура, со напомена доколку истата се појави при изведба, задолжително да се известат.

За создавање на услови за користење на информатичка технологија, широкопојасен интернет, размена на податоци и други комуникациски услуги, неопходно е да се изградисоодветна електронско – комуникациска пристапна мрежа.

На идните корисници на просторот опфатен со овој УП им се содава можност да се приклучат на оператор за кој што тие ќе се определат.

Останата инфраструктура на терен не евидентирана.

2.4 Инвентаризација на постојни споменички целини

Не се добиени податоци и информации од Управата за заштита на културно наследство – Министерство за култура на РСМ за постоење на регистрирано културно наследство. (Испратено е барање на 09.03.2021 преку информацискиот систем е- урбанизам со бр.на постапка 34428).

Доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

Основа за изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.01 од Блок 1 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово-вгр, Општина Свети Николе** е Изводот со Бр. 10-10-10 од 18.02.2021 од Општина Свети Николе за ГП 1.01 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе донесен со одлука бр. 0801-980 на 31.12.2020 година; ажурираната геодетска подлога изработена од овластена геодетска фирма и проектната програма потпишана и заверена од инвеститорот .

Со донесениот УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе формирана е една градежна парцела (ГП 1.01), во која се планирани градежни линии како граница на површина за градење на повеќе градби, со услов за понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект. Овој УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе е донесен со одлука бр. 0801-980 на 31.12.2020 година, а согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија“ број 142/15) и Правилникот за стандарци и нормативи за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија“ број 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18).

Истиот се спроведува согласно Член 97 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20);

поточно, за планската одредба од важечкиот УПВНМ со која е предвидена изработка на архитектонско – урбанистички проект се применуваат одредбите за изработка на урбанистички проект од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20).

Оттаму, пристапено е кон изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.01 од Блок 1 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово-вгр, Општина Свети Николе**, согласно зададените услови од важечкиот УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе (одлука бр. 0801-980 на 31.12.2020 година), како и согласно Член 58 став (2) точка 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20) и Член 52 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20).

Самиот Урбанистичкиот проект е изработен во склад со зададените услови со важечкиот УПВНМ, со Законот урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20), како и останатата релевантна позитивна законска и подзаконска регулатива од областа на урбанистичкото планирање и проектирање.

Согласно развојните планови и потреби на Инвеститорот пристапено е кон изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.01 од Блок 1 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово-вгр, Општина Свети Николе,** а во сè во склад со зададените услови со важечкиот УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе како и членовите 58 – 62 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20).

Согласно член 52, став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ 225/20), Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште се изработува по правило за една поголема градежна парцела оформена во урбанистичкиот план, за која во планот е утврдена поголема рамковна површина за градење од член 102 став (7) алинеја 1 од овој правилник, во која се врши урбанистичко-архитектонско обликување на една комплексна градба или на комплекс од градби, при што се разработуваат и партерот, внатрешниот сообраќај и инфраструктурните градби во рамки на парцелата.

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77 став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20), се планира следната поединечна намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани. Трафостаниците, согласно горенаведениот Правилник, спаѓаат во поединечната намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија и истата претставува комплементарна намена во смисла на член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“. Број 225/20) т.е. намена што во градежната парцела ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на утврдената поединечна намена.

3.1 Дејности и активности кои се одвиваат во градбите на градежната парцела со нумерички податоци

Преку воведување на алтернативни извори на енергија се овозможува заштеда на необновливи извори на енергија што е еден од основните приоритети во одржливиот развој.

Моќноста на фотоволтаичната централа ќе зависи од моќноста на фотоволатаичните модули кои се предвидуваат да се постават, додека вкупната моќност не смее да надминува над 10 MW.

Целта на урбанистичкиот проект е да се овозможат услови за изградба на фотоволтаична централа за производство на енергија од обновливи извори (сончева енергија).

Намената на градежната парцела е преземена од важечкиот УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово – вгр, Општина Свети Николе, а при тоа усогласена со класификацијата на намени зададена во Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20) и истата е одредена како:

-Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77 став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20), се планира следната поединечна намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани. Трафостаниците, согласно горенаведениот Правилник, спаѓаат во поединечната намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија и истата претставува комплементарна намена во смисла на член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“. Број 225/20) т.е. намена што во градежната парцела ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на утврдената поединечна намена.

Проектното решение на урбанистичкиот проект треба да биде основа за понатамошна изработка на основни проекти за градби

Во рамките на градежната парела 1.01 се планирани повеќе површини за градба нумерирани како 1.01.1, 1.01.2, 1.01.3, 1.01.4, 1.01.5 и 1.01.6.

Носечкиот дел во фотоволтаичната централа се фотонапонските панели, кои се (квантитативно најзастапен елемент во рамки на парцелата) и инверторите за претварање на директната струја во наизменична за потребите на инвеститорот. Фотонапонските панели ќе бидат инсталирани на земја односно на метална конструкција, а истите ќе бидат наклонети под агол од 25 степени.

Годишното производство на електрична енергија ќе се продаде на слободниот пазар и ќе придонесе за намалување на штетните гасови во атмосферата. Работниот век на фотонапонските панели за производство на електрична енергијата кој е предвиден со оглед на квалитетот на избраната опрема е 30 години.

3.2 Нумерички параметри во проектниот опфат

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ									
Градежна парцела	**Вкупна површина на проектен опфат м²**	**Нумерација на површина за градба**	**Намена на површини**	**Висина на венец м**	**Катност**	**Површина под градба м²**	**Бруто површина за градба м²**	**Процент на изграденост %**	**Коефициент на искорист.**
1.01	158738	1.01.1	Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ И ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ	10.0 м'	П	45744	45744	66%	0.66
		1.01.2		10.0 м'	П	13310	13310		
		1.01.3		10.0 м'	П	5837	5837		
		1.01.4		10.0 м'	П	38725	38725		
		1.01.5	Е1.8-ИНФРАСТРУКТУРА/ТРАФОСТАНИЦИ	10.0 м'	П	519	519		
		1.01.6		10.0 м'	П	303	303		
			ЗЕЛЕНИЛО			37380			
			КРШЕН КАМЕН - ТАМПОН			16920			
ВКУПНО:						**104438**	**104438**		

3.3 Билансни показатели

ТАБЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ		
ПОСТОЈНА СОСТОЈБА		
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ (НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ)	158738
ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА		
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	158738
2	ВКУПНА ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	104438
3	БРУТО ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	104438
4	ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (23%)	37380
5	КРШЕН КАМЕН	16920
4	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	66%
5	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	0.66

3.4 Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места

Со урбанистичкото решение од овој Урбанистички проект пристапот до локалитетот е овозможен од 2 точки од новопланирана улица 1 и 2 претходно планирани со важечкиот УПВНМ.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај, потребите за паркирање за градежната парцела се решени во рамките на сопствената парцела. Потребниот минимален број на паркинг места е зададен од Инвеститорот со Проектната програма согласно реалните потреби, а во склад со одредбите на Член

134 став (1) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20).

Со проектното решение обезбедени се вкупно 8 паркинг места за патнички автомобили што претставува повеќе од минималните барања на Инвеститорот, а сето тоа земајќи во обзир дека при деталната анализа на просторот се дојде до сознание дека просторот го дозволува истото. При тоа, запазени се одредбите на членовите 127 – 135 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20).

Паркинг местата за патнички автомобили се планирани за пристап под агол од 90° и се со димензии од 2,50×5,00m, со широчина на пристапот од најмалку 6,00m, во склад со одредбите на Член 130 ставови (1), (3) и (11) од Правилникот.

Сообраќајно, во градежната парцела не се предвидуваат асфалтирани површини. Теренот ќе биде профилиран за да обезбеди истек на атмосферската вода кон пониската страна. Паркирањето е решено во близина на влезот на градежната парцела.

Нивелетско решение

Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект решена е нивелацијата на теренот. Теренот ќе биде профилиран за да обезбеди истек на атмосферската вода кон пониската страна

3.5 Партерно решение и оззеленување

Со предлог партерното уредување на градежната парцела и урбанистичкото решение од овој урбанистички проект, одредени се површини под ниско и средно зеленило и презентирани се информативни податоци за процент на оззеленетост на градежната парцела. При изработка на основните проекти, решението за партерно уредување и зеленило ќе се доразработи, односно усогласи со проектното решение од тие проекти, при што може да се добијат и други вредности за процентот на озеленетост, но истиот не смее да биде под 20% на ниво на градежната парцела, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ број 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20).

Во градежната парцела согласно идејното решение има планирано 37380м2 зеленило што изнесува 23% од површината на парцелата.

ЗЕЛЕНИЛО ВО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (23%)	37380

3.6 Проектно решение на водовите и инсталации на комуналната инфраструктура

Низ планскиот опфат минува цевковод (линија бр. 9), кој земјоделското земјиште го водоснабдува со вода од акумулацијата Мавровица и кој се дел од системот за наводнување на обработливите површини. Со изградбата на фотоволтаичните централи нивната примарна функција не престанува и тие можат и

понатаму да се користат за примарната намена. За пристап до нив и нивно одржување од двете страни на цевководите се планира заштите појас од 3м.

Атмосферски води ќе се одведуваат кон реципиентот Азмак преку канали кои ќе се водат покрај планираната улична мрежа. Тие се со правоаголен профил со димензии (ширина b=0,5m и висина h=0,3m). Димензиите на профилот на каналот се утврдени со хидролошка студија изработена за подрачјето на планот од повисоко ниво согласно донесениот УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија.

Теренот ќе биде профилиран на начин со кој ќе се обезбедува истек на атмосферската вода кон пониската страна (кон канлаот) и целиот ќе биде посипан со кршен камен.

Доколку во функционирањето на фотонапонските панели има потреба од техничка вода како изворници може да се користат водите од реката Азмак.

Потребите од техничка вода и изградбата на соодветна инфраструктура ќе бидат дефинирани со Основниот проект.

Во градежната парцела 1.01 предвидени се две површини за трафостаници означени со бр. 1.01.5 и 1.01.6

Приклучок на трафостаниците од градежните парцели во електромрежа ќе се изврши според добиена согласност и мрежните правила кои што Инвеститорот треба да ги побара од овластен оператор на дистрибутивна електрична енергија во Република Северна македонија. Условите на приклучок ќе бидат дефинирани од Електродистрибуција АД Скопје. Трафостаниците ќе бидат поврзани со планиран подземен електро-енергетски кабел.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Урбанистичкиот проект е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 32/20) и Правилниот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/10).

Деталните услови за проектирање и градење важат за целата површина на градежната парцела 1.01.

Граница на проектен опфат од урбанистички проект – полигон на урбанистички проект што комплетно припаѓа во границата на плански опфат на урбанистички план.

Граница на градежна парцела е регулаторна линија со симетрично правно дејство и просторни последици: од две странаи на вертикалната површина по која се протега просторната граница на регулацијата се наоѓа земјиште за поединечна градба чиишто носители на правото на градба имаат по правило исти и меѓусебе симетрични права што треба да гарантираат колку што може порамноправен и хармонизиран планерски третман на соседните градежни парцели.

Градежна парцела е ограничен дел од градежно земјиште со ист носител на правото на градење и претставува најмала и неделива просторна единица на градежното земјиште. Градежната парела е ограничена со регулаторни линии – регулаторна линија и граница на градежна парцела.

Градежната парцела се состои од една или повеќе катастарски парцели или делови од катастарски парцели.

Градежна парцела – нумерација – согласно донесено УПВНМ

Нумерација на објекти – на нумерацијата на градежната парцела се додава број за објект.

Површина за градење претставува дел од градежната парцела ограничена со градежна линија на кој се утврдуваат услови за градење на градба.

Помошна градежна линија ги означува промените во габаритот во планираната градба во рамките на површината за градење односно денивелаации

Максимална височина на градбата е планска одредба со која во урбанистички проект се утврдува најголемата височина на градбата.

Максималната височина на градбата се одредува на два начина:

- Како висина на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија изразена во метри и
- Како висина на највисоката кота на градбата, која се мери на највисокиот дел од затворениот габарит на градбата

Намена на земјиштето подразбира начинот на употреба на земјиштето ина градбите согласно дејностите и активностите што се вршат и одвиваат во нив, на површина на земјиштето, под и над површината на земјиштето, што клучно влијае на начинот на уредувањето на земјиштето, изградбата на градбите, како и на просторот потребен за нивното одвивање и функционирање.

-Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Со урбанистичкиот проект, согласно член 77 став 1 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20), се планира следната поединечна намена: Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани. Трафостаниците, согласно горенаведениот Правилник, спаѓаат во поединечната намена Е1.8 – Инфраструктури за пренос на електрична енергија и истата претставува комплементарна намена во смисла на член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“. Број 225/20) т.е. намена што во градежната парцела ја дополнува и служи исклучиво за функционирање на утврдената поединечна намена.

Процент на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на планираната изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со површини за градење.

Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупно планираната површина по катови, односно збирот на површините на сите планирани надземни катови и вкупната површина на градежното земјиште во пресметковна просторна единица, изразен со рационален број до две децимали.

4.1 Општи услови за проектирање и градење

1. Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Урбанистичкиот проект и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по одобрување на урбанистичкиот проект.

2. Сите детални услови за проектирање и градење кои се зададени со овој **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за ГП 1.01 од Блок 1 од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово-вгр, Општина Свети Николе** се комплементарни на условите зададени со важечкиот УПВНМ (Одлука бр.

0801-980 на 31.12.2020 година). Условите од овој урбанистички проект единствено ги надополнуваат и детално разработуваат, а во никој случај не ги заменуваат условите за градење од важечкиот УПВНМ.

3. Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на проектниот опфат. Специфичните параметри за уредување на просторот се однесуваат на поединечните површини за градење.

4. Со Урбанистичкиот проект се одредени:
   - Урбанистичко решение за проектниот опфат, односно за градежната парцела 1.01 како што е дефинирана со важечкиот УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово-вгр, Општина Свети Николе (Одлука бр. 0801-980 на 31.12.2020 година);
   - Регулациско и нивелациско решение во рамките на проектниот опфат;
   - Поединечни површини за градење ограничени со градежни линии;
   - Максимално дозволена височина до највисоката точка на градбите, како и максимално дозволена катност;
   - Целосно решение на внатрешниот динамичен и стацинарен сообраќај;
   - Внатрешни водови на инфраструктурата за опслужување на новопроектираните градби.

5. Во графичките прилози од Планскиот дел на овој Урбанистички проект дадено е урбанистичко решение за проектниот опфат со зададени:
   - површини за градење со градежни линии,
   - намена на градбите,
   - нумерација на поставените површини за градење,
   - вкупна површина на градежна парцела,
   - максимална височина на градбата изразена во метри,
   - процент на изграденост на земјиштето,
   - коефициент на искористеност на земјиштето,
   - внатрешен и стационерен сообраќај,
   - нивелманско решение
   - партерно уредување со хортикултура,
   - приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура.

   Урбанистичкиот проект содржи и Проектен дел, во кој се дадени Идејни проекти за сите новопроектирани градби.

6. Намената на градежната парцела е преземена од УПВНМ за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово-вгр, Општина Свети Николе (Одлука бр. 0801-980 на 31.12.2020 година), а при тоа усогласена со класификацијата на намени зададена во Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20) и истата е одредена како:
   -Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

За сите градби во опфатот одредени се поединечни намени согласно класификацијата на намени зададена во Член 77 од Правилникот за

урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20).

7. Во урбанистичкиот проект се дефинирани 6 (шест) новопредвидени површини за градење.

Примарна поединечна намена на градбите во комплексот е:

-Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани

Дел од поединечните површини за градење и земјиштето во рамките на проектниот опфат се евидентирани и предвидени под комплементарни намени, а согласно одредбите на Член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20). Комплементарни намени кои се јавуваат во проектниот опфат се:

- Е1.8 – Инфраструктура /трафостаници/

Сите овие комплементарни намени се дополнување на основната намена и се во функција исклучиво за остварување на основната намена.

8. Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај, потребите за паркирање за градежната парцела се решени во рамките на сопствената парцела. Потребниот минимален број на паркинг места е зададен од Инвеститорот со Проектната програма согласно реалните потреби, а во склад со одредбите на Член 134 став (1) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 225/20).

9. Процентот на озеленетост во рамките на парцелата претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.

Со предлог партерното уредување на градежната парцела и урбанистичкото решение од овој урбанистички проект, одредени се површини под зеленило и презентирани се информативни податоци за процент на оззеленетост на градежната парцела. При изработка на основните проекти, решението за партерно уредување и зеленило ќе се доразработи, односно усогласи со проектното решение од тие проекти, при што може да се добијат и други вредности за процентот на озеленетост, но истиот не смее да биде под 20% на ниво на градежната парцела, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија“ број 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 42/20).

Оваа одредба станува составен дел на условите за градење. За градежната парцела 1.01 изработено е и предлог на партерно уредување на парцелата. Истото ќе се доразработи при изработката на основните проекти за градежната парцела, односно ќе се усогласи со проектното решение за градбите од тие проекти.

10. Зададените вредности со урбанистичкото решение од Планскиот дел на овој Урбанистички проект за површина на градење, бруто развиена површина, процент на изграденост, коефициент на искористеност, катност и височина до хоризонталниот венец на градбите се максимално дозволени вредности. При изработката на основните проекти за новопредвидените градби, може да се проектира градба и со помала површина, при што не смее

да ги надмине овие максимални вредности и не смее да отстапува надвор од зададените градежни линии, односно граници на површината за градење.

11. Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, предвидени се и приклучни места на градбите на водовите од комуналната инфраструктура (електрични кабли). При изработка на основните проекти за градежната парцела 1.01, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за инфраструктурата од тие проекти.

- Предмет на разработка е градежната парцела 1.01, претходно зададена со важечкиот УПВНМ, со вкупна површина од 158738m².
- Градежната парцела е планирана со класа на намена -Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани
- Вкупната површина за градба на ниво на проектен опфат е 104438 m².
- Вкупната максимална бруто развиена површина на ниво на проектен опфат е 104438m².
- Процентот на изграденост изнесува 66%.
- Коефициентот на искористеност изнесува 0,66
- Процентот на озеленетост на градежната парцела изнесува 23%.
- Висината на градбите не смее да ја надминува котата од 380 мнв од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Инсталираната моќност на фотоволтаиците инсталирани на ГП 1.01 не смее да надминува над 10 MW.

Градежна парцела 1.01
Намена на земјиште
Основна класа на намена
Е1.13 - Површински соларни и фотоволтаични електрани

ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ 1.01.1
Поединечна намена:
-Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани
Висина на венец: 10,00m
Број на катови: П
Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ 1.01.2
Поединечна намена:
-Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани
Висина на венец: 10,00m
Број на катови: П
Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ 1.01.3
Поединечна намена:
-Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани
Висина на венец: 10,00m
Број на катови: П
Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ 1.01.4
Поединечна намена:
-Е1.13 – Површински соларни и фотоволтаични електрани
Висина на венец: 10,00m
Број на катови: П
Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ 1.01.5
Поединечна намена:
-Е1.8 – Инфраструктура/трафостаници
Висина на венец: 10,00m
Број на катови: П
Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ 1.01.6
Поединечна намена:
-Е1.8 – Инфраструктура/трафостаници
Висина на венец: 10,00m
Број на катови: П
Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект за градбата.

Напомена: Согласно писмото добиено од Агенција за цивилно воздухопловство, Проектниот опфат се наоѓа во зона на идниот карго аеродром Штип, на цца 5996м западно од референтната точка на аеродромот, во т.н. конусна рамнина, чија елевација на посочената локација изнесува 380мнв, односно локацијата каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запазат следните одредби:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 380мнв

Доколку во планскиот опфат се планира изградба на објекти со елевација над дозволената од 380мнв или изградба / поставување на

- Издвоени антенски столбови или столбови поставени на објект со височина поголема од 15м
- Оџаци со височина поголема од 30м

- Далноводи под напон поголем од 100кв на премин преку автопат
- Ветерници
- Други објекти со височина поголема од 100м

Пред одобрување на основниот проект потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство, да се достави проектна документација со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно член 68 од Законот за воздухопловство (СЛ.Весник на РМ 14/2006, 24/2007, 103/2008, 67/2010, 24/2012, 82/2012, 155/2012, 42/2014, 97/2005, 152/2015, 27/2006, 31/2016, 64/2018 и 220/19).

Напомена: Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18).

Сите параметри за уредување на просторот на проектниот опфат кои не се опфатени во приложените детални услови за проектирање и градење ќе бидат во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20).

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Согласно законот за животна средина (Сл.в. на РМ бр.53/05, бр.81/05, бр.24/07, бр.159/08, бр.83/09, 48/10 и 124/10 и 51/11, 123/12 и 93/13 и 187/13 и 42/14 и 44/15 и 129/15, 192/15, 39/16), заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави
- Примена на соодветни техничко-технолошки мерки
- Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси
- Комуналната инфраструктура да биде изведена согласно сите технички прописи, така што да нема опасност од загадување на подземните води.

5.1 Заштита на почвата

Просторот надвор од површините предвидени за градење на градбите, претставува дел зеленило, поради што треба да се предвидат мерки за заштита на почвата. Теренот да биде профилиран на начин со кој ќе се обезбедува истек на атмосферската вода кон пониската страна и целиот ќе биде посипан со кршен камен.

5.2 Заштита на водите

Да се почитуваат одлуките и одредбите од Правилник за опасните и штетните материи и супстанции и нивните емисиони стандарди што можат да се испуштат во канализација или во систем за одводнување, во површински или подземни водни тела, како и во крајбрежни земјишта и водни живеалишта и Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување и начинот на нивно пресметување.

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, при изведувањето на градежните активности на предметното подрачје потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво во близина на водните тела.

Директната емисија на отпадни води, може значително да влијае врз вкупната рамнотежа и видовите на застапена флора и фауна во површинските води во непосредната близина на парцелата.

Министерството за животна средина и просторно планирање согласно Законот за води издава Водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти кои што поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои може да влијаат врз режимот на водите, дозвола за користење на вода од бунари и дозвола за испуштање на отпадните води.

Потенцијалните извори на загадување на медиумите во животната средина ќе бидат дополнително разработени преку посебните проекти, со децидно наведени плански мерки за заштита.

5.3 Заштита на воздухот

Неопходно е при проектирањето да се води сметка за изворите на загадување, воспоставување на зони на санитарна заштита и континуиран мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.

Во периодот на експлоатација и зголемената концентрација на возила ќе влијае на зголемување на концентрацијата на присутни честици во воздухот. Вегетациската покривка надвор од парцелата , изложена на висока концентрација на честици може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти во воздухот, создадени како резултат на мобилните извори на загадување, посебно изразени на просторот кој е предмет на анализа. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во воздухот.

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.в. на РМ бр.141/10).

6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Со Законот за заштита и спасување се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вгрредна состојба и воена состојба во Република Македонија.

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16) и Законот за управување со кризи (Сл.в.на РМ бр. 29/05 и 36/11 и 41/14 и 104/15, 39/16), Законот за пожарникарство (Сл. в. на РМ бр 67/04, 81/07 и 55/13 и 158/14, 193/15, 39/16), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спечување на настанувањето на последиците од настанатите природни и други несреќи и давање на помош во мир, вгрредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведувње, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес.

Заштитата и спасувањето во Републиката ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.

Субјектите дадени погоре се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување

Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од членот 61 на Законот за заштита и спасување, посебно за секоја мерка, со уредба го уредува Владата.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

1. изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности
2. вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа
3. уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување
4. воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување
5. обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3. при изградба на објекти и инфраструктура

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите задолжително обезбедуваат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите согласно сите технички прописи за таков вид на градби.

Во урбанистичкиот проект опфатени се дел од предвидените урбанистичко-технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, согласно намената, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување спасување Закон за заштита и спасување (Сл. в. на РМ бр 36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11 и 41/14) пречистен 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16) и подазоконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика.

Урбанистичко-технички мерки се:

1. засолнување
2. заштита и спасување од поплави
3. заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
4. заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
5. заштита и спасување од урнатини
6. заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи
7. спасување од сообраќајни несреќи

Хуманитарни мерки се:

1. евакуација
2. згрижување на загрозеното и настраданото население
3. радилошка, хемиска и биолошка заштита
4. прва медицинска помош
5. заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
6. заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло
7. асанација на теренот

При понатамошната изработка со проекти како и при изградба на градбите, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничките прегледи (Сл. Весник на РМ бр. 105/05).

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследсво.

Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секодневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства за производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко-технлошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, екслозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запалливи течности и гасови, како и други горливи матери кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни матерјали од поголем размер).

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на планскиот опфат.

Согласно писмен допис од Дирекција за заштита и спасување потребно е да се имаат во предвид слените мерки: заштита од урнатини, свлекување на земјиштето, заштита од техничко-технолошки несреќи и радилошка, хемиска и биолошка заштита, но во урбанистичкиот проект земени се во предвид сите мерки.

6.1 Засолнување

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување, засолнувањето опфаќа планирање, изградба и користење на јавните засолништа, одржување и користење

на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјални добра и културното наследство во Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единицата на локалната самоуправа Свети Николе за мерките за заштита и спасување и истите се вградени во урбанистичките планови.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со Уредба се утврдува од Владата (Сл. Весник на РМ бр. 80/05).

Организација и спроведувањето на засолнувањето е определено со Уредбата за спроведување на засолнувањето (Сл. Весник на РМ бр. 93/05).

Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на засолнувањето имаат органите на државната управа, органите на општините, односно градот Скопје, јавните претпријатија, установите и службите и трговските друштва.

На инвеститорите на објекти за кои во Законот со заштита и спасување е утврдена обвска за изградба на засолништа, надлежниот орган на општината односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, им го определува потребниот број на засолнишни места, што инвеститорот треба да ги изгради во објектот што го гради или надвор од него, според условите за градење, а врз основа на Мислењето од Дирекцијата за заштита и спасување кое е составен на проектната документација.

6.2 Заштита и спасување од поплави

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

6.3 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработката на Основните проекти предвидени се пропишани мерки за заштита од пожари, согласно член 68 Законот за заштита и спасување (Сл.весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10 и 18/11, пречистен текст 93/12) и Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13), Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр. 99/17), како и Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти (Сл. весник на РМ бр. 94/09), Правилникот за техничките нотмативи за хидрантска мрежа за гасење на пожари (Сл. Весник на РМ бр. 31/06), Правилник за суштинските барања за градежните објекти (Сл. В. на РМ бр. 74/06), Правилник за изборот на

видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правнитие лица и граѓаните, како и за критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати (Сл. Весник на РМ бр. 105/05), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележувања и достапност за употреба (Сл. Весник на РМ бр. 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика. Уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи опфаќа мерки и активности од нормативен, оперативен, организационен, надзорен, технички, образовен, воспитен и пропаганден карактер.

Заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се планира, организира и спроведува во сите објекти и места со превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, се активности кои се планираат и спроведуваат со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативните мерки за заштитата и спасување од пожари, експлозии и опасни материи се активности за откривање, спречување на ширење и гасење на пожари и експлозии, утврдување на причините за настанување на пожари и експлозии, како и давање помош при отстранување на последиците предизвикани од пожари , експлозии и опасни материи.

Органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари, друга противпожарна опрема, средства за гасење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди.

Инвеститорите за објектите се должни да изготват посебен елаборат за заштита од пожарии, експлозии и опасни материи.

Од урбанистички аспект противпожарната (ПП) заштита предвидува:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од лесни материјали со помали тежини, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето е водено сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни,
- Секунарната сообраќајна улица е со доволна ширина, и е со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- инсталациите, уредите и постројките треба да се изведат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
- во градот Скопје кој го опслужува овој проектен опфат со ПП заштита, има противпожарна единица, која е опремена со противпожарни возила и

со обучени лица за дејствување во случај на пожар, во склоп на севисните дејности,
- самиот инвеститор согласно Закон треба да обезбеди потребна противпожарна опрема,
- обезбедена е доволна количина на вода за гасење на пожар,
- во понатамошната изработка на основни проекти, обврзно да се реши громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување согласно Правилникот за стандарди за заштита на објекти од атмосферски празнења (Сл. Весник на РМ бр. 101/2000)

Предвидената сообраќајна инфраструктура овозможува непречена интрвенција на противпожарните возила.

При изработката на основен проект потребно е да изготви посебен Проект за заштита од пожари, и да се прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, согласно Упатството за содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр. 139/10).

Согласноста ја издава Дирекцијата за заштита и спасување.

6.4 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување, заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот.

Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Поради ова при превземање на активности за градба на објектите потребно е теренот да се испита.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

6.5 Заштита и спасување од урнатини

Заштитата и спасувањето од урнатини согласно член 81 од Законот за заштита и спасување, опфаќа превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање, како и при изготвување на овој Архитектонско-урбанистички проект и со примена на техничките нормативи при проектирањето на објектите.

Оперативните мерки за заштита и спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, превземање на мерки за заштита од дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

Заштитата и спасувањето се применува на објекти кои можат да бидат изложени на разни дејства:

- од природни непогоди: земјотреси, лизгање и одронување на теренот, поплави и др.
- од технички катастрофи: експлозии, последици од неквалитетна градба, дотраени конструкции од објекти, пожари и др,
- од воени дејства како последица од воздушни напади, артилериско оружје, експлозии и неексплодирани убојни средства и друго

Изложеноста на објектите на дејствија кои предизвикуваат урнатини се утврдува во Проценатa на загрозеност од природни непогоди и други несреќи

Во Архитектонско-урбанистичкиот проект е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на собраќајниците и зони на тотални урнатини, врз основа на што е изработено планираното решение.

При планирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците, зони на тотални урнатини.

Според очекуваните сеизмички интензитети оваа локација се наоѓа во зона на потреси од 9^0 по МЦС скалата.

Се предвидува асеизмична градба, како можна превенција, со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

Во случај на можни разурнувања, планираното сообраќајно решение обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

За инфраструктурната мрежа не се предвидуваат посебни урбанистички мерки од природни катастрофи.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмична градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбите, како составен дел на основните проекти.

Потребни се геомеханички испитувања на теренот.

6.6 Спасување од сообраќајни несреќи

Влезовите во парцелата , се така решени во однос на сообраќајот да можноста за сообраќајни несреќи е минимална.

6.7 Евакуација

Согласно член 84 и 85 од Законот за заштита и спасување, со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано пресметување на населението, материјалните и културните добра на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат ефектите од природни непогоди и други несреќи.

6.8 Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижување на настрадано и загрозено население е предвидено огласно член 86 од Законот за заштита и спасување. Згриживањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основните услови за живот на настраданото и загрозеното население.

На просторот од парцелата постои можност од згрижување на загрозеното и настраданото население со оглед на нејзината намена.

6.9 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Согласно член 87 од Законот за заштита и спасување, радилошка, хемиска и биолошка заштита опфаќа мерки и средства за навремено откривање, следење и контрола на опасностите и последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радилошко, хемиско и билошко оружје, превземање на мерки за заштита и отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, како и споствениците и корисниците на објектите и уредите кои се намените за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на животни, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образобание на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги извршуваат пропишаните мерки за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Планирањето и подготвувањето на активностите за спроведување на мерката радилошка, хемиска и биолошка заштита се врши од страна на органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, установи, служби и трговски друштва.

6.10 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош согласно член 88 од Законот за заштита, опфаќа превземање на хигиено-епидемиолошки мерки, укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Потребната организација за спроведување на прва медицинска помош се утврдува во плановите за заштита и спасување.

Временскиот рок за пристигнување до најблискиот Медицински центар е 10мин.

7. ЗАШТИТА ПРИРОДНОТО И КУЛТУРНО-ИСТОРИСКО НАСЛЕДСТВО

Согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање во просторните и урбанистички планови, врз основа на документацијата за недвижното културно наследство, задолжително се утврдуваат плански мерки за заштита на спомениците на културата, како и насоки за определување на режимот на нивната заштита.

Недвижното културно наследство е поделено на видови: споменици, споменични целини и културни предели.

Исто така и во архелошката карта на Република Македонија, која ги проучува предисториските и историските слоеви на човечката егзистенција, од најстарите времиња до доцниот среден век, нема евидентирани археолошки локалитети.

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Закон за заштита на културното наследство (Сл. Весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 и 38/14 и 44/14 и 199/14 и 104/15 и 154/15, 192/15, 39/16).

Согласно податоците од Просторниот план на Република македонија, на просторот кој го опфаќа предметниот Урбанистички план за вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово- вгр, Општина Свети Николе нема регистрирани ниту евидентирано природно наследство.

8. УСЛОВИ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ЛИЦА СО ИНВАЛИДИТЕТ

За обезбедување услови за движење на лица со инвалидитет важат одредбите за стандарди за мобилност и пристапност на член 188 и 189 од Правилник за урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 225/20).

Мај, 2021 год.
Битола

Составил:
Сузана Цветановска д.и.а.
Овластување бр 0.0336

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ – ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. **ИЗВОД ОД УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН СО ПРОЕКТЕН ОПФАТ**
2. **АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА 1:1000**
3. **ПЛАН НА НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ 1:1000**
4. **УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ ЗА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ 1:1000**
5. **УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ НА ПРИКЛУЧНИ ТОЧКИ ЗА СИТЕ ВОДОВИ И ГРАДБИ НА ИНФРАСТРУКТУРА 1:1000**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Сектор за урбанизам, заштита на животна средина, комунални работи и оттуѓување на градежно земјиште

Број:10-10 од 18.02.2021 год.

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 10

УПВНМ: за електроцентрали од обновливи извори на енергија, КО Амзабегово, Општина Свети Николе

Одлука бр: 0801-980 од 31.12. 2020 год.

Намена на градба: Е2- Комунална супраструктура

ул. „_____“ бр.___.

М = 1:1000

ИЗВОД ЗА дел од КП513/1 **КО** Амзабегово-вон **БЛОК** 1 **ГП** 1.01

1. ГРАФИЧКИ ДЕЛ:

Заверена копија од:
- Извод од УПВНМ – Синтезен план

2. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:

Заверена копија од:
-Општи и посебни услови за изградба

3. ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ:

Одделение за урбанизам, заштита на животна средина и оттуѓување на градежно земјиште
Раководител,

Изработил: м-р Катерина Стамболиева, диа

_____
Дарко Јованов, дги



БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КО АМЗАБЕГОВО, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, ТЕХ.БР. Е0219

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ

НАМЕНА	ПОВРШИНА (м²)	(%)
Е1 - Комунална инфраструктура	1.736	0,36
Е2 - Комунална супраструктура	447.218	91,79
Д2 - Заштитно зеленило	25.082	5,15
Сообраќајна инфраструктура	13.178	2,70
Вкупно:	487.213	100

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО ЗА ЕЛЕКТРОЦЕНТРАЛИ ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА, КО АМЗАБЕГОВО, ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ, ТЕХ.БР. Е0219

БЛОК	Г.П. Бр.	ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНИ	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА	ПОВРШИНА НА Г.П. (m²)	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА НА ПРИЗЕМЈЕ (m²)	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА НА СИТЕ НИВОА (m²)	МАКСИМАЛЕН БРОЈ НА НИВОИ (КАТОВИ)	МАКСИМАЛЕН ДОЗВОЛЕН ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ (%)	МАКСИМАЛЕН ДОЗВОЛЕН КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ (k)	МАКСИМАЛНА ДОЗВОЛЕНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ (m')	ПАРКИРАЊЕ
1	1.01	Е - Инфраструктура	Е2 - Комунална супраструктура	/	158.738	144.489	144.489	1	80	0,80	АУП	АУП
	1.02	Е - Инфраструктура	Е2 - Комунална супраструктура	/	36.741	31.282	31.282	1	80	0,80	АУП	АУП
	1.03	Е - Инфраструктура	Е2 - Комунална супраструктура	/	33.711	28.687	28.687	1	80	0,80	АУП	АУП
	1.04	Е - Инфраструктура	Е2 - Комунална супраструктура	/	95.194	84.465	84.465	1	80	0,80	АУП	АУП
2	2.01	Е - Инфраструктура	Е2 - Комунална супраструктура	/	27.966	19.469	19.469	1	70	0,70	АУП	АУП
	2.02	Е - Инфраструктура	Е2 - Комунална супраструктура	/	18.141	14.568	14.568	1	80	0,80	АУП	АУП
	2.03	Е - Инфраструктура	Е2 - Комунална супраструктура	/	21.582	17.172	17.172	1	80	0,80	АУП	АУП
	2.04	Е - Инфраструктура	Е2 - Комунална супраструктура	/	17.189	13.754	13.754	1	80	0,80	АУП	АУП
	2.05	Е - Инфраструктура	Е2 - Комунална супраструктура	/	17.581	14.470	14.470	1	80	0,80	АУП	АУП
	2.06	Е - Инфраструктура	Е2 - Комунална супраструктура	/	20.376	16.744	16.744	1	80	0,80	АУП	АУП
ВКУПНО:					447.218	385.099	385.099	1	79	0,79	АУП	

* ЗА СИТЕ ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ ДА СЕ ИЗРАБОТИ АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ, СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ПРОСТОРНО И УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (Сл. Весник на РМ 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18)

* СЕ ДОЗВОЛУВА ИЗГРАДБА НА ПОВЕЌЕ ГРАДБИ ВО РАМКИ НА ЕДНА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СОГЛАСНО АУП

* ВИСИНИТЕ НА ГРАДБИТЕ СЕ УСЛОВЕНИ ОД ТИПОТ И СПЕЦИФИКАЦИЈАТА НА ФОТОВОЛТАИЦИТЕ, НО НЕ СМЕЕ ДА ЈА НАДМИНУВА КОТАТА ОД 350 М.Н.В. ЗАРАДИ БЕЗБЕДНОСТ НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ. ВИСИНАТА КЕ СЕ ОДРЕДИ СО АУП КОЈ ЗАДОЛЖИТЕЛНО МОРА ДА СЕ ДОСТАВИ ДО АГЕНЦИЈАТА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО ЗАРАДИ ИЗДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ;

* ПРИ ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ПОТРЕБНО Е ДА СЕ ПРЕДВИДИ ИЗГРАДБА НА ДРЕНАЖЕН СИСТЕМ ПРЕКУ КОЈ ПОВРЕМЕНИТЕ ВИСОКИ ПОДЗЕМНИ ВОДИ ЌЕ СЕ ОДЛЕВААТ КОН РЕЦИПИЕНТОТ, РЕКАТА „АЗМАК“

* НЕ СЕ ПЛАНИРААТ КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНИ НА ОСНОВНАТА КЛАСА НА НАМЕНА, СОГЛАСНО ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТАНДАРДИ И НОРМАТИВИ ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ (Сл. Весник на РМ 142/15, 217/15, 222/15, 228/15, 35/16, 99/16, 134/16, 33/17 и 86/18)

* ПАРКИРАЊЕТО СЕ ПЛАНИРА ВО СОПСТВЕНА ПАРЦЕЛА, А ЌЕ БИДЕ РАЗРАБОТЕНО СО АРХИТЕКТОНСКО-УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Нумерички показатели за сообраќајната инфраструктура

Постојниот сообраќаен профил на регионален патен правец Р1204 и неговите елементи е со следната структура:

коловоз .... 2 х 3,10 = 6,20 м'
вкупно : 6,20 м'

Вкупна должина на планирана патна мрежа изнесува:
Регионален пат Р1204............L=63m'

Планираниот сообраќаен профил на новопланираните индустирски улици „1“, „2“, „3“ и „4“ и неговите елементи е со следната структура:

коловоз............ 3 х 3,50 = 7,00 м'
тротоари .... 2 х 1,50 = 3,00 м'
вкупно : 10,00 м'

Вкупна должина на новопланираната индустриска улична мрежа во граници на планскиот опфат изнесува :

- Новопланирана индустриска улица „1“ должината изнесува L=322,6m';
- Новопланирана индустриска улица „2“ должината изнесува L=811.5m';
- Новопланирана индустриска улица „3“ должината изнесува L= 62,6m';
- Новопланирана индустриска улица „4“ должината изнесува L= 38,4m'.

Вкупно: L= 1235,1m'.

